DFK INTERNATIONAL
ДИМИТРОВ РЕВИЗИЈА
Друштво за ревизија

Скопје 1000, Македонија
П. фах 896
Тел: +389 2 3117 888
Факс: +389 2 3117 999
E-mail: info@dimitrovrevizija.com.mk

До:

Раководството на

ТРАНСПАРЕНТНОСТ - НУЛТА КОРУПЦИЈА

СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ТРАНСПАРЕНТНОСТ - НУЛТА КОРУПЦИЈА" Скопје, кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2009 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## *Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјлно погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е

резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ТРАНСПАРЕНТНОСТ - НУЛТА КОРУПЦИЈА" Скопје ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2009, како и резултатите на нејзиното работење, нејзините парични текови и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 6 Јули 2010 година

Друштво за ревизија ДИМИТРОВ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Управител
Звонко Кочовски, Овластен Ревизор

## БЕЛЕШКА 9. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

(во илјади)

| | МКД | ЕУР |
|---|---|---|
| **Донатор** | **2009** | **2009** |
| Амбасада на Кралство Норвешка | 3.375 | 55 |
| Министерство за надворешни работи на Германија | 2.975 | 49 |
| Амбасада на Кралство Холандија | 2.395 | 39 |
| Transparency International Romania | 234 | 4 |
| Останати приходи | 9 | - |
| **Вкупно** | **8.988** | **147** |

## БЕЛЕШКА 10. ПРИХОДИ ОД ФИНАНСИРАЊЕ

(во илјади)

| | МКД | ЕУР | МКД | ЕУР |
|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2008** | **2009** | **2009** |
| Камата | 51 | 1 | 37 | 1 |
| **Вкупно** | **51** | **1** | **37** | **1** |

## БЕЛЕШКА 11. ДРУГИ ПРИХОДИ

(во илјади)

| | МКД | ЕУР | МКД | ЕУР |
|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2008** | **2009** | **2009** |
| Приходи од поврат на ДДВ | 52 | 1 | 390 | 6 |
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | - | - | 3.568 | 65 |
| **Вкупно** | **52** | **1** | **3.958** | **71** |

## БЕЛЕШКА 12. РАСХОДИ

(во илјади)

| | МКД | ЕУР | МКД | ЕУР |
|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2008** | **2009** | **2009** |
| **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | | |
| Канцелариски материјали | 331 | 5 | 275 | 4 |
| Закупнини и комунални услуги | 1.028 | 17 | 989 | 16 |
| Услуги за одржување | 8 | - | 80 | 1 |
| Останати услуги(копирање,сметководство) | 258 | 4 | 1.012 | 16 |
| Транспорт,пошта,телефон | 368 | 6 | 694 | 11 |
| Маркетинг | 83 | 1 | 249 | 4 |
| Проектни расходи | 2.780 | 45 | 5.480 | 89 |
| Банкарска провизија | 18 | - | 22 | - |
| Осигурување | 1 | - | 10 | - |
| Дневници за сл.патувања и патни трошоци | 635 | 10 | 825 | 13 |
| Даноци и придонеси | 133 | 2 | 76 | 1 |
| Плати и надоместоци | 196 | 3 | 862 | 14 |
| Загуби од курсни разлики | 2 | - | 5 | - |
| **Вкупно оперативни расходи** | **5.841** | **95** | **10.580** | **173** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | |
| Набавени основни средства | 28 | 1 | 373 | 6 |
| **Вкупно капитални расходи** | **28** | **1** | **373** | **6** |
| **ВКУПНО** | **5.869** | **96** | **10.953** | **179** |

Просечниот број на вработени во ТРАНСПАРЕНТНОСТ - НУЛТА КОРУПЦИЈА за 2009 година е 4.